Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

**ФОРМУЛАР ЗА ПРЕДЛОГ – ПРОЕКТ**

**За финансирање преку Програма за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година**
**Министерство за локална самоуправа / Биро за регионален развој**

1. **Подносител на проектот:** Центар за развој на Источен плански регион – Штип
2. **Партнери во проектот (најмалку три општини): Штип, Карбинци, Кочани, Виница и Македонска Каменица**
3. **Опис на проектот**

| | |
|---|---|
| Наслов на Проектот: | **Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион** |
| Краток опис: | Обезбедувањето на сигурни и стабилни извори на енергија станува еден од најголемите проблеми со кои се соочува развојот на современите технологии за производство на електрична енергија. Во последните неколку децении се вложуваат големи напори за зголемување на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија. Географската позиција и климата во Источниот плански регион нудат многу добра перспектива за користење на сончевата енергија. Според мерењата на зрачењето од страна на Управата за хидрометеоролошки работи, годишниот просек за дневното зрачење варира и овде може да се истакне податокот дека Истокот има повеќе од 300 сончеви денови во годината, што претставува одличен потенцијал за искористување на сонцето како природен ресурс. Потребата од еден ваков проект, произлегува од малата искористеност на овој вид на обновливи извори на енергија од страна на јавниот сектор во Источниот плански регион, високата цена на електричната енергија, намалување на емисиите на стакленички гасови и заштита на животната средина.<br><br>Потребата од нови извори на електрична енергија за јавниот сектор во Источниот плански регион, покрај очигледните придонеси за заштита на животната средина, е и моменталната светска енергетска криза со која се соочува и Република Северна Македонија. Како резултат на оваа криза локалните самоуправи се соочуваат со недостаток на финансиски средства, пред сè поради високите цени на електричната енергија. Општините партнери во проектот како и другите помали општини во регионот располагаат со мали буџети, кои ги обременуваат со големи финансиски издатоци за електрична енергија на јавните објекти и уличното осветлување. Во време на енергетска криза, проектот ќе генерира електрична енергија од фотонапонската централа која ќе дејствува регионално на начин што ќе покрива дел од потрошената електрична енергија на јавните објекти кои се во надлежност на општините партнери во проектот |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| Регионален карактер на проектот: | Со проектот се предвидува изградба на систем на фотонапонски централи на повеќе јавни објекти во општините Штип, Карбинци, Кочани, Виница и Македонска Каменица. Во самиот проект се вклучени пет општини од Источниот плански регион, кои што ќе имаат директна корист од реализација на проектот. |
| Приоритетна област: | Животна средина;<br>- Искористување на обновливите извори на енергија |
| Очекувани резултати: | - Поставени фотоволтаици на јавните објекти;<br>- Производство на електрична енергија;<br>- Финансиски заштеди на општините. |
| Локација на проектот: | - Општина Штип – филтер станица;<br>- Општина Карбинци – филтер станица;<br>- Општина Кочани – филтер станица;<br>- Општина Виница – општинска зграда;<br>- Општина Македонска Каменица – градски пазар, куќа на спорт, дом на култура и ЈП „Камена Река“. |
| Времетраење на проектот: | 7 месеци |
| Дали има потребна документација за инфраструктурни проекти: | 1. Основен проект **ДА** НЕ<br>2. Ревизија на проект **ДА** НЕ<br>3. Друга техничка документација ДА **НЕ**<br>4. Одобрение за градба ДА **НЕ** |
| Проектни трошоци во денари (со вклучен ДДВ): | Трошоци за спроведување на проектот:<br>- 1.800.000,00 Штип (од кои 10% кофинансирање)<br>- 2.712.136,00 Карбинци<br>- 8.380.000.00 Кочани<br>- 1.783.500,00 Виница (од кои 10% кофинансирање)<br>- 11.700.000,00 Македонска Каменица (од кои 10-20% кофинансирање)<br>Вкупни трошоци: 26.375.636,00 денари |
| Дополнителни информации | Поставените фотоволтаици ќе бидат сопственост на општините кои се партнери во проектот и тие ќе бидат одговорни за нивно одржување.<br>Со проектот се предвидува да се остварат заштеди во однос на електричната енергија. |

ИСТОЧЕН РЕГИОН

**ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН**

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

**ФОРМУЛАР ЗА ПРЕДЛОГ – ПРОЕКТ**

**За финансирање преку Програма за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година**
**Министерство за локална самоуправа / Биро за регионален развој**

1. **Подносител на проектот:** Центар за развој на Источен плански регион – Штип
2. **Партнери во проектот (најмалку три општини): Делчево, Македонска Каменица, Виница**
3. **Опис на проектот**

| | |
|---|---|
| Наслов на Проектот: | **Регулација на коритото на река Брегалница во централното градско подрачје на град Делчево - фаза 2** |
| Краток опис: | Делницата предвидена за регулација на река Брегалница е во централното градско подрачје на град Делчево, низводно од регулираното корито во должина од 500.32м. Во изминатиот период беа преземени активности за механичко чистење на наталожениот нанос и за отстранување на вегетацијата. Со тоа се санираа состојбите настанати во изминатиот период, но за кратко време состојбата се повторува и овој дел од речното корито предизвикува проблеми со целокупниот тек на река Брегалница, а особено на постоечката инфраструктура и обработливото земјоделско земјиште долж течението на Брегалница.<br>Врз основа на направената инспекција на коритото на река Брегалница констатирано е следното:<br>• Обраснати брегови со тревна, жбунеста и дрвна вегетација<br>• Ерозија и поткопување на левиот и десниот брег<br>• Спрудови од наносен материјал возводно и низводно од мостот<br>• Продлабочување на коритото кај мостните столбови, со видливи деформации и пукнатини на истите.<br>Во периодот на малуводие се овозможува зафаќање на вода по десниот брег за наводнување на земјоделските површини. При изборот на техничкото решение за регулација на коритото на река Брегалница, земено е во предвид и каналот за наводнување.<br>Дел од проектот е изградба на три појасни прага е звршен и тоа:<br>• ПОЈАСЕН ПРАГ КМ 0+255.00<br>• ПОЈАСЕН ПРАГ КМ 0+325.00<br>• ПОЈАСЕН ПРАГ КМ 0+405.00 |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| Регионален карактер на проектот: | Заштитата на животната средина и одржливото искористување на водените ресурси е глобална определба и од регионално и национално значење за Република Северна Македонија.<br>Со проектот ќе се обезбедат поволни услови за спречување на поплави и ерозија, односно обезбедување на поволни услови за заштита и развој на природата и обезбедување на правото на граѓаните на здрава животна средина. Заштита на природата ќе се остварува особено во делот со управување на водните ресурси, рационално управување со одредени компоненти на биолошката и пределската разновидност, како и одржливо и рационално користење на природното богатство. Но исто така и во делот на планирањето и управувањето со просторот. Преку реализација на овој проект ќе се воспостави систем на заштита и управување со природата преку рационално и одржливо искористување на водните ресурси не само во општина Делчево, туку и на останатите општини низ чија територија тече реката Брегалница. |
| Приоритетна област: | Животна средина;<br>- Одржливо управување со природните (водни) ресурси;<br>- Заштита од ерозија и полави; |
| Очекувани резултати: | - Изградена регулација на река Брегалница во Делчево;<br>- Заштита од поплави и ерозија; |
| Локација на проектот: | Општина Делчево |
| Времетраење на проектот: | 7 месеци |
| Дали има потребна документација за инфраструктурни проекти: | 1. Основен проект **ДА** НЕ<br>2. Ревизија на проект **ДА** НЕ<br>3. Друга техничка документација ДА **НЕ**<br>4. Одобрение за градба **ДА** НЕ |
| Проектни трошоци во денари (со вклучен ДДВ): | Трошоци за спроведување на проектот: 21.511.000,00 денари<br>Вкупни трошоци: |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| Дополнителни информации | Цел на проектот е заштита на централното градско подрачје од ерозија на земјиштето при поплави, создавање на урбана површина со зеленило и дрвја како и пешачка зона за рекреација на граѓаните преку регулација на дел од коритото на река Брегалница во централното градско подрачје во Делчево.<br><br>При надоаѓање на големи води доаѓа до излевање на водите по десниот брег возводно од мостот, при што се поплавуваат дел од обработливите површини. Најкритична е состојбата низводно од мостот каде при надоаѓање на големи води доаѓа до излевање на водите по десниот и левиот брег, при што се поплавуваат деловни простори и куќи кои се наоѓаат во непосредна близина на речното корито. По десниот брег, веднаш после мостот на должина од околу 10-15м, локално е направено надвишување на постоечкиот брег со цел да се спречи поплавувањето на деловните простори.<br><br>Заради активните ерозивни процеси се забележуваат воглавно профили со асиметричен попречен пресек, што укажува на потребата од голем број на интервенции во речното корито.<br><br>Од погоре изнесеното може да се констатира следното:<br>• Поради опасноста од рушење на мостот, излевањето на водите и поплавување на обработливите површини, деловни простори и куќи потребно е да се изведе решението дадено во Основниот проект за уредување на коритото.<br>• Возводно на околу 60м од делницата предвидена за регулација изведена е вреќаста (гумена преграда). Со гумената преграда, се подобрува режимот на протокот.<br><br>Управувањето со зелените површини заедно со целокупната инфраструктура ќе ги одржува и управува општина Делчево преку јавното комунално претпријатие. За одржувањето на јавните површини и зеленила, општина Делчево има склучен договор со јавното претпријатие и има обезбедено буџетски средства од буџетот на општината. |

ИСТОЧЕН РЕГИОН
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

**ФОРМУЛАР ЗА ПРЕДЛОГ – ПРОЕКТ**

**За финансирање преку Програма за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година**
**Министерство за локална самоуправа / Биро за регионален развој**

1. **Подносител на проектот:** Центар за развој на Источен плански регион – Штип
2. **Партнери во проектот (најмалку три општини): Чешиново-Облешево, Кочани, Пробиштип**
3. **Опис на проектот**

| | |
|---|---|
| Наслов на Проектот: | **Заштита на животната средина преку изградба на фекална канализација во с. Соколарци – II фаза** |
| Краток опис: | Село Соколарци е едно од поголемите населени места во општината. Се наоѓа на околу 7км од општинскиот центар Облешево. Од инфраструктура, до селото води пристапен асфалтен пат и има локален водовод.<br>Проектот претставува доизградба на мрежата на фекална канализација во селото и одведување на фекалните води до локација предвидена за изградба на пречистителна станица<br>Примарната канализациона мрежа согласно проектната документација е со должина од 7720 метри, со профил од 200 до 315мм. Колекторот е со должина од 420м и истиот е со профил од 315мм.<br>Во овој момент проблемот со фекалиите во селото се решава засебно со септички јами индивидуално за секое домаќинство. Проблем се и селско-стопанските објекти од кои за дел воопшто нема изградено септички јами и фекалиите се разлеваат на самите улици. Како загадувач од помал обем е и Млекарата Осогово Милк, една од поголемите млекари во Источниот регион. Истите отпадните води, по претходно филтрирање, ги испуштаат во блискиот канал кој потоа се влева во река Злетовица.<br>Поради обилните врнежи на дожд и високото ниво на подземни води се јавува проблем од мешање на фекалните отпадни води со пивката вода.<br>Со средства од Програмата за регионален развој во 2019 година изградена е првата фаза од фекалната канализација и тоа: Крак К1 со должина од 1163,55м, крак К2 со должина од 1229м, крак К4 со должина од 397,17м, крак К4-1 со должина од 116,18м и колектор од 419,14м (пред третман)<br>За да може системот да се пушти во функција потребно е да се доизградат и останатите краци во селото и да се изгради пречистителна станица за прочистување на отпадните фекални води. |

ИСТОЧЕН РЕГИОН
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| Регионален карактер на проектот: | Во село Соколарци не постои систем за одведување на отпадните фекални води. Проблемот е решен со изградба на непрописно изведени септички јами. Поради близината на т.н. Ободен канал, дел од домаќинствата одведувањето на фекалните води го имаат решено на тој начин што истите се испуштаат во каналот, кој потоа се влева во река Злетовица, а река Злетовица во месноста кај село Уларци се влева во река Брегалница. Поради непрописно изведените септички јами и испуштањето на фекалиите индиректно во река Брегалница, се загадува течението на реката и се уништува живиот свет во нејзиниот среден и долен тек. |
| Приоритетна област: | Животна средина;<br>- Заштита на воздухот, водата и почвата; |
| Очекувани резултати: | **Економски:**<br>• Отварање на нови индистриски капацитети;<br>• Зајакнување на капацитетите на јавното претпријатие;<br>**Еколошки:**<br>• Заштита на животната средина;<br>• Заштита на води на река Злетовица и река Брегалница;<br>• Заштита на подземни води;<br>**Социјални:**<br>• Можност за отварање на нови работни места во ЈПКД „Облешево“ и во други новоотворени индустриски капацитети. |
| Локација на проектот: | с. Соколарци |
| Времетраење на проектот: | 10 месеци |
| Дали има потребна документација за инфраструктурни проекти: | 5. Основен проект **ДА** НЕ<br>6. Ревизија на проект **ДА** НЕ<br>7. Друга техничка документација **ДА** НЕ<br>8. Одобрение за градба **ДА** НЕ |
| Проектни трошоци во денари (со вклучен ДДВ): | Трошоци за спроведување на проектот:<br>Вкупни трошоци: 18.214.103,00 денари (од кои 10% кофинансирање) |
| Дополнителни информации | ЈПКД „Облешево“ ќе стопанисува и управува со објектот. За користење на објектот ќе се наплаќа комунална такса, утврдена со ценовник од страна на Советот на општина Чешиново-Облешево. Средствата ќе бидат доволни за тековно одржување на објектот. |

ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

## ФОРМУЛАР ЗА ПРЕДЛОГ – ПРОЕКТ

**За финансирање преку Програма за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година**
**Министерство за локална самоуправа / Биро за регионален развој**

1. **Подносител на проектот:** Центар за развој на Источен плански регион – Штип
2. **Партнери во проектот (најмалку три општини): Виница, Зрновци, Карбинци**
3. **Опис на проектот**

| | |
|---|---|
| Наслов на Проектот: | **Подобрување на условите за развој на туризмот во Источниот плански регион** |
| Краток опис: | Поради поволната клима, Источниот плански регион и туристичките локалитети во него претставуваат извонредно место за развој на летен и зимски туризам. На територијата на општините засегнати со овој проект се изградени неколку сместувачки капацитети, спортско рекреативни објекти, и викенд населби. Природните убавини, еколошката чистота и богатиот биодиверзитет се одлични предуслови овој дел од Источниот регион да се зацврстси како туристички атрактивна дестинација. Постојат компаративни предности за прераснување на овој дел од Источниот регион во препознатливо туристичко место и истите треба да се искористат.<br>Во општина Зрновци недостасува основна туристичка и спортска инфраструктура како што се паркови, повеќенаменски игралишта и други видови на спортски терени.<br>Од друга страна, во општина Виница е неопходно да се подобрат условите за користење на постојната туристичка, рекреативна и спортска инфраструктура.<br>Бидејќи во последните три години значително е зголемен бројот на туристи, со реализирање на овој проект ќе се создадат услови за побрз развој на туризмот на општините Зрновци и Виница и ќе се збогати туристичката понуда со нови содржини со што туристите би го посетувале регионот преку целата година.<br>Со проектот ќе се збогати регионот со туристичка и спортска инфраструктура и ќе се подобрат условите за користење на постојната преку реконструкција на игралиште и осветлување на постоечки парк. |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| Регионален карактер на проектот: | Спортско рекреативниот центар Пониква кој се наоѓа на надморска височина од 1580 м во предел со густа букова шума и разновидна вегетација се ноаѓа во близина на општините Виница и Зрновци. Развојот на овој спортско-рекреативен центар има позитивно влијание и врз развојот на општините кои што гравитираат околу истиот, што е и случајот со општините Виница и Зрновци. Како би можеле да овозможат повеќе содржини на своите посетители, потребно е да се преземат активности за подобрување на условите за престој преку изградба на нова или реконструкција на постојната инфраструктура. Истовремено, рекреативните паркови и спортски игралишта се дел од туристичката понуда на еден регион и поради тоа проектот има регионален карактер. |
| Приоритетна област: | Туризам;<br>– Подобрување на туристичката инфраструктура во регионот |
| Очекувани резултати: | – Подобрена туристичка инфрастуктура на Виница и Зрновци;<br>– Збогатена туристичка понуда за посетителите на Виница и Зрновци;<br>– Реконструрано игралиште во Мородвис;<br>– Осветлен парк во Виница;<br>– Зголемен број на туристи во регионот. |
| Локација на проектот: | – Реконструкција на повеќенаменско спортско игралиште во село Мородвис;<br>– Осветлување на градски парк во Виница. |
| Времетраење на проектот: | 5 месеци |
| Дали има потребна документација за инфраструктурни проекти: | 9. Основен проект **ДА** НЕ<br>10. Ревизија на проект **ДА** НЕ<br>11. Друга техничка документација ДА НЕ<br>12. Одобрение за градба **ДА** НЕ |
| Проектни трошоци во денари (со вклучен ДДВ): | Трошоци за спроведување на проектот:<br>– Реконструкција на повеќенаменско спортско игралиште во село Мородвис – 6.534.094,00 денари<br>– Осветлување на градски парк во општина Виница – 5.005.560,00 денари (од кои 10% кофинансирање)<br>Вкупни трошоци: 11.539.654,00 денари |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| Дополнителни информации | Зголемување на атрактивноста и збогатување на туристичката понуда преку подобрување на туристичката инфраструктура за посетителите на општините Зрновци и Виница.<br>По реконструкцијата на игралиштето во село供Мородвис, тековното одржување и финансирање во иднина ќе биде преземено од страна на Општина Зрновци во чија надлежност спаѓа редовното одржување преку соодветни програми со што е обезбедена одржливоста на проектот.<br>По изведба на осветлување на паркот во Виница, тековното одржување и финансирање во иднина ќе биде преземено од страна на Општина Виница во чија надлежност спаѓа редовното одржување преку соодветни програми со што е обезбедена одржливоста на проектот. |

ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

**ФОРМУЛАР ЗА ПРЕДЛОГ – ПРОЕКТ**

**За финансирање преку Програма за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година**
**Министерство за локална самоуправа / Биро за регионален развој**

1. **Подносител на проектот:** Центар за развој на Источен плански регион – Штип
2. **Партнери во проектот (најмалку три општини): Штип, Пробиштип, Кочани, Пехчево и Берово**
3. **Опис на проектот**

| | |
|---|---|
| **Наслов на проектот:** | **Збогатување на туристичката понуда на Источен плански регион** |
| Краток опис: | Проектот директно се однесува на еден од главните предизвици на Источниот плански регион, културните туристички потенцијали. Сите опфатени општини располагаат со богато природно и културно наследство. Општина Штип има големо културно наследство погодно за развој на туризмот. Географската положба на Штип и културните ресурси го прават туризмот еден од економските сектори со голем потенцијал. Истовремено општините Кочани, Берово, Пехчево и Пробиштип располагаат со природни ресурси и локалитети што се основен предуслов за развој на туризмот.<br>Потребите најчесто се поврзани со недостаток на туристичка инфраструктура и понуди кои се насочени кон развој на приоритетни сегменти во однос на развој на туризмот. Има ограничена достапност на искуства базирани на локалната култура и историја, како и недостаток на содржини кои ќе овозможат уживање во богатото природно наследство на регионот.<br>Квалитетот на туристичките услуги и туристичката инфраструктура се сè уште во голема мера под меѓународните стандарди. Недостатокот на инвестиции во физички услови на природното и културното наследство е основната потреба во решавањето на предложениот проект. Оваа потреба е комбинирана со слабостите кои во голема мера произлегуваат од недостигот на инвестиции во инфраструктурата и промоција на туризмот, што резултира со многу ограничена достапност до културно-историските знаменитости и природните богатства на регионот за различни настани, атракции и активности и недостиг на инвестиции во градење на инфраструктура на засегнатите страни во туризмот.<br>Локалитетот Пониква е атрактивен, сè уште недоволно развиен, и единствен зимски туристички локалитет во источниот дел на земјата. Постоечката туристичка инфраструктура е недоволно развиена и има недостаток од дополнителни содржини кои би се понудиле на туристите низ целата година.<br>Затоа предлог проектот се однесува на реконструкција на остаток од сообраќајниците во населбата Ново Село во Штип преку која се пристигнува до сите значајни културно историски знаменитости, изградба на пешачко велосипедска патека околу Беровско езеро, докомплетирање на проектот за барскиот еко-систем Езерце во Пехчево, изградба на рекреативен комплекс со уредување на излетнички места во село Пишица и изградба на мултинаменско игралиште на СРЦ Пониква. |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| Регионален карактер на проектот: | Спортско рекреативниот центар Пониква кој се наоѓа на надморска височина од 1580 м во предел со густа букова шума и разновидна вегетација е единствен ски центар во Источниот регион и е зацртан како еден од 34-те зимски туристички центри во просторниот план на Република Северна Македонија<br>Проектот ќе ја зголеми меѓународната видливост и атрактивност на понудените туристички понуди во Источниот плански регион. Проектот има регионално влијание врз одрживиот развој преку реконструкција на инфраструктурата поврзана со туризмот во Источниот плански регион, промовирање на одржлив развој на туристички активности, искористување на историскиот и културниот потенцијал за развој на културниот туризам, како и искористување на природниот потенцијал за развој на туризмот. |
| Приоритетна област: | Туризам;<br>– Подобрување на туристичката инфраструктура во регионот |
| Очекувани резултати: | – Изградена нова туристичка инфраструктура;<br>– Поголема конкурентност на туристичката понуда на регионот;<br>– Подобрени услови за развој на туризмот;<br>– Популаризација на културните туристички локации.<br>– Зајакнат туристички и економски развој на Источниот плански регион;<br>– Подобро искористување на потенцијалите за културен туризам;<br>– Зголемување на бројот на туристи;<br>– Понатамошни инвестиции од приватниот сектор. |
| Локација на проектот: | – Барски еко-систем Езерце во Пехчево;<br>– Изградба на пешачко-велосипедска патека на Беровско Езеро;<br>– Изградба на рекреативен комплекс со уредување на излетнички места во село Пишица, општина Пробиштип;<br>– Изградба на мултинаменско игралиште на СРТЦ Пониква;<br>– Поплочување на улици во автентичен стил во населба Ново Село. |
| Времетраење на проектот: | 10 месеци |
| Дали има потребна документација за инфраструктурни проекти: | 1. Основен проект **ДА** НЕ<br>2. Ревизија на проект **ДА** НЕ<br>3. Друга техничка документација ДА **НЕ**<br>4. Одобрение за градба **ДА** НЕ |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| Проектни трошоци во денари (со вклучен ДДВ): | Трошоци за спроведување на проектот:<br>– Изградба на мултинаменско игралиште на СРТЦ Поникваа – 8.000.000,00 (од кои 10% кофинансирање);<br>– Барски еко-систем Езерце – 2.826.804,00 денари;<br>– Пешачко-велосипедска патека на Беровско Езеро – 3.457.905,00 денари;<br>– Рекреативен комплекс во село Пишица – 8.500.000,00 денари;<br>– Улица во автентичен стил во населба Ново Село – 7.858.160,00 денари (од кои 23,646% кофинансирање);<br>Вкупни трошоци: 30.642.869,00 денари |
| Дополнителни информации | По изградбата на игралиштето на Пониква, тековното одржување и финансирање во иднина ќе биде преземено од страна на Општина Кочани во чија надлежност спаѓа редовното одржување преку соодветни програми со што е обезбедена одржливоста на проектот.<br>Одржувањето на улиците во Ново Село е во надлежност на Општина Штип и ЈП СТИПИОН 2011 и влегува во плановите за одржување на улици на Јавното претпријатие секоја година.<br>Исто така и другата инфраструктура која ќе биде изградена во рамките на проектот, ќе биде преземена од страна на општините Берово, Пехчево и Пробиштип кои ќе бидат одговорни за нејзино одржување. |